# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА И УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ СЛИКАЊЕ И СЛИКАРСКИ ТЕХНИКИ НА ЛИКОВНА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2402-66/4 од 29.6.2017 година донесена на 35. седница на Наставно-научниот научниот и уметнички совет на Ликовна академија, одржана на 29.6.2017 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на 1 (еден) наставник во сите звања за наставно-научната и уметничка област сликање и сликарски техники на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Рецензентската комисија е во состав:

- проф. м-р Елизабета Аврамовска, ред. проф. на група предмети од областа на ликовната уметност, вработена на Архитектонски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, претседател;
- проф. м-р Антони Мазневски, ред. проф. на група предмети од областа цртање и сликање, вработен на Факултетот за ликовни уметности при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, член;
- проф. д-р Никола Смилков, ред. проф. од наставно-научната област 60704 – вајање и вајарски техники и 60708 – методика на ликовно воспитување, вработен на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 19.6.2017 година и во предвидениот рок се пријави еден кандидат: м-р Јана Јакимовска, доцент на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот научниот и уметнички совет на Ликовна академија да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**М-р Јана Јакимовска** е родена во 1981 година во Скопје, каде што ги завршува основното и средното образование. Во 2005 година дипломира на сликарскиот оддел на Факултетот за ликовни уметности при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со просечна оценка 9,81 и се стекнува со звање дипломиран сликар со модно креирање. Во текот на студиите се здобива со две награди и тоа: студент на генерацијата на својот факултет во 2003 година од страна на Сојузот на студенти на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и диплома за најдобар студент на отсекот Сликарство во 2004 година, од страна на Факултетот за ликовни уметности при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Своето образование го продолжува на постдипломски студии на истиот факултет. Магистрира во 2009 година на тема „Три бои – полиптихот и неговите контексти“ под менторство на проф. м-р Антони Мазневски со просечна оценка 10 и со самостојна завршна изложба, со што се стекнува со академски степен магистер по ликовни уметности од областа на сликарството.

Во периодот од 2004 до 2012 г. е ангажирана како демонстратор, а потоа и како надворешен соработник на Архитектонскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за предметите Ликовно изразување и Пластично обликување кај проф. Елизабета Аврамовска, и еден семестар кај проф. Владимир Георгиевски.

Од крајот на 2012 год. е избрана за доцент од наставно-научната и уметничка област сликање и сликарски техники на студиската програма Класично сликарство на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, а подоцна на 9 јуни 2014 година е префрлена на новоотворената Ликовна академија на истиот Универзитет. Исто така, била ангажирана на студиските програми Текстилно инженерство и Текстил, дизајн и менаџмент на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Во текот на нејзиниот ангажман на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, освен редовните менторства на студентските годишни изложби, Јакимовска се јавува и како ментор на повеќе различни студентски претставувања, меѓу другите три учества на „Паратисима" - Скопје, изработка на монументален панел во рамки на фестивалот „Акто" во Штип и изложба на плакати на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Автор е на скриптата „Перспектива 1" за истоимениот изборен предмет кој се слуша во четвртиот семестар на студиската програма Класично сликарство, како и на практикум за истиот предмет.

Од 2014 год. е избрана за продекан за настава на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Јакимовска до сега имала 11 (единаесет) самостојни изложби во земјава и во странство, од кои 4 (четири) се од последните пет години – 2 (две) во Скопје, 1 (една) во Гевгелија и 1 (една) во Приштина. Исто така, учествувала и на 56 (педесет и шест) групни изложби во земјава и во странство, од кои 33 (триесет и три) во последните пет години. Во 2016 година интензивно се занимава со монументално сликарство и има учествувано во изработката на три мурали во Скопје – муралот на задната страна на Младинскиот културен центар, муралот на Детската клиника во Скопје и муралот во склоп на перформативниот викенд Еволуција на сонот во куќа на улицата „Франклин Рузвелт". Има учествувано на повеќе симпозиуми, ликовни колонии и семинари во земјава и во странство, од нив пет учества се во последните пет години.

М-р Јана Јакимовска се занимава и со фотографија, сценографија, илустрација и графички дизајн.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. Со Одлука бр. 1902-191/03 од 19.12.2012 година, кандидатката м-р Јана Јакимовска е избрана за доцент од наставно-научната и уметничка област сликање и сликарски техники на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Потоа, со Анекс на Договор за вработување бр. 0402-6/5 од 9.6.2014 год. е распределена на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.
2. Најмалку пет признати меѓународни уметнички и стручни претставувања, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјава, во последните пет години:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Место на претставувањето | Година на претставување |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Јакимовска Јана | Imago Mundi | БКЦ, Сараево, Босна и Херцеговина | 2017 |
| 2 | Јакимовска Јана | Корени, портали, патишта и патокази | МКД Илинден, Риека, Р Хрватска | 2017 |
| 3 | Јакимовска Јана | Korijeni, portici, putevi i putokazi | Двор „Тракошќан", Р Хрватска | 2016 |
| 4 | Јакимовска Јана | Transfiguring | Страна на Лучијано Бенетон, Италија | 2016 |
| 5 | Јакимовска Јана | Cultural Gender Practices Network | Регионална мрежа, Р Хрватска | 2016 |
| 6 | Јакимовска Јана | I WAS GONNA PAINT… | Фестивал ФемАрт, Галерија на Факултет за ликовни уметности, Приштина, Косово | 2015 |
| 7 | Јакимовска Јана | Ordine o caos? | Paratissima Torino 2015, Торино, Италија | 2015 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8 | Јакимовска Јана | Balkon zum Balkan | Staatliche Kunsthalle Baden-Baden, Баден-Баден, Германија | 2014 |
| 9 | Јакимовска Јана | GIFEST | Суботица, Србија | 2013 |

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

Кандидатката е вклучена во високообразовниот процес во континуитет од 13 години. Од 2004 до 2008 год. е ангажирана како демонстратор на проф. д-р Елизабета Аврамовска за предметите Ликовно изразување и Пластично обликување на Архитектонскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во тој период еден семестар е демонстратор и на проф. д-р Владимир Георгиевски за предметот Ликовно изразување. Од 2009 до 2012 год. е ангажирана како надворешен соработник на истиот факултет, повторно за предметите Ликовно изразување и Пластично обликување.

На 29.12.2012 година е избрана за доцент од наставно-научната и уметничка област сликање и сликарски техники на студиската програма Класично сликарство на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, а подоцна на 9 јуни 2014 година е префрлена на новоотворената Ликовна академија на истиот Универзитет. Во периодот од 2013 до 2017 год. е ангажирана на следните предмети на студиската програма Класично сликарство на Ликовна академија: Акт 1 и 2, Анатомија 1-4, Графика, Графички техники, Дигитално сликарство, Ликовна практика, Перспектива 1 и 2, Сликарска анатомија, Сликарска технологија 1 и 2, Сликарски техники, Фотографија и Цртање 1-4.

Од 2 април 2015 година Јана Јакимовска е распоредена на Катедрата за класично сликарство на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Од 5 ноември 2014 година, исто така, е ангажирана на студиските програми Текстилно инженерство и Текстил, дизајн и менаџмент на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип на следните предмети: Дизајн на текстил и облека, Костимографија и Техники на цртање.

Кандидатката Јакимовска е автор на рецензираната скрипта „Перспектива 1“ со практикум, објавена во електонската библиотека на Универзитетот, за студентите во четврти семестар на студиската програма Класично сликарство, за која може да се рече дека е универзално, стручно и занимливо четиво од обласста на линеарната перспектива.

Кандидатката преку својата педагошка дејност низ стручните предмети кои им ги предавала на студентите, како и низ сите менторски проекти кои ги спровела со нив (меѓу другите три учества на „Паратисима“ - Скопје, изработка на монументален панел во рамки на фестивалот „Акто“ во Штип и изложба на плакати на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип) има особен придонес во нивното стручно оспособување, со што несомнено може да се потврди дека има придонес во оспособување на помлад кадар.

Кандидатката м-р Јана Јакимовска покажала особена способност за изведување на разни видови на високообразовна дејност – преку теоретски предавања, практични вежби, изведување ликовна практика, екстракурикуларни активности и интердисциплинарност во менторските проекти со студентите.

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ**

**<u>Објавени стручни и уметнички трудови и презентации од 2013 до 2017 год.</u>**

- 2017, „Отворени образовни курикулуми – критички единки и колективи“ во рамки на дискурзивно-едукативната програма „Совршениот уметник“, Кино „Култура“, Скопје, Македонија.
- 2016, 23. Интернационална Кичевска ликовна колонија, Куќа на уметноста, Кичево, Македонија.
- 2016, Pop Up Акто фестивал, КУЦ Текстил, Штип, Македонија.
- 2015, *„Боите на слободата“, Цивил, Скопје, Р Македонија.*
- 2015, *Меѓународна ликовна колонија „Соочување со минатото“ во*

- организација на Цивил и Форум ЗДФ, Струга, Р Македонија.
- 2013, Ликовна колонија во организација на Aurora Resort & Spa Center, Берово, Македонија.

**РЕАЛИЗИРАНИ ИЗЛОЖБИ 2013-2017**

**Групни изложби**

2017, Учество на групна изложба на дела од Кичевската ликовна колонија, Центар за култура „Трајко Прокопиев“, Куманово.

2017, Учество на изложба на плакати „Дискриминација?“, Фоаје на Правен факултет, УГД, Штип, Македонија.

2017, Учество на изложба на плакати „Дискриминација?“ на конференција на ФОН - УГД, Штип, Македонија.

2017, Imago Mundi, изложба, БКЦ, Сараево, Босна и Херцеговина.

2017, Изложба на дела од Кичевската ликовна колонија, НУЦК „Марко Цепенков“, Прилеп.

2017, Во хармонија со природата, Галерија КО-РА, Скопје, Македонија.

2017, „Корени, портали, патишта и патокази“, MKD Ilinden, Риека Р Хрватска.

2017, Хуманитарна изложба „Уметниците за Кате“, Нано бар, Скопје.

2017, Tango Nuevo, Галерија Ко-Ра, Скопје.

2016, Изложба на дела од Кичевската ликовна колонија, Музеј на Град Скопје, Македонија.

2016, „Корени, портали, патишта и патокази“, Двор „Тракошќан“, Р Хрватска.

2016, Колективна одлука - уметноста и работата, Pop Up Акто фестивал, КУЦ Текстил, Штип, Македонија.

2016, La petite mort, Музеј на Град Скопје, Скопје, Македонија.

2016, Изложба на дела од Кичевската ликовна колонија, Куќа на уметноста, Кнежино, Македонија.

2016, Хуманитарна групна изложба за настраданите од поплавите на 6 август, Концепт 37, Скопје, Македонија.

2016, Paratissima Skopje, МКЦ, Скопје, Македонија (самостојно и менторско учество).

2016, „Корени, портали, патишта и патокази“, галерија КО-РА, Скопје, Македонија.

2016, „ЛИБЕР ТАНГО“, Галерија КО-РА, Скопје, Македонија.

2016, Претставување во рамките на Imago Mundi, проект на Лучијано Бенетон за колекционирање на светската современа ументост, како дел од 143 македонски уметници претставени во колекцијата Transfiguring http://www.imagomundiart.com/artworks/jana-jakimovska- death-portrait

2016, Претставување во рамките на тековниот конкурс за родово ангажирана уметност, на веб-страницата на Cultural Gender Practices Network (како кандидат влезен во потесен избор) http://www.gendernet.info/local/rodno-angazirana- umjetnost/

2015, Учество на Paratissima Torino 2015, Ordine o caos?, Торино, Италија.

2015, Меѓународна групна изложба East meets West (Истокот се среќава со Западот), Бела ноќ, МКЦ, Скопје.

2015, Во прво лице, „Магаза“ при НУ Завод и музеј - Битола, Р Македонија.

2015, Соочување со минатото, Музеј на Холокаустот, Скопје, Р Македонија.

2015, Paratissima Skopje, МКЦ, Скопје, Македонија (самостојно и менторско учество).

2015, Боите на слободата, Скопје, Р Македонија.

2015, Во прво лице, НГМ Мала станица, Скопје, Р Македонија.

2014, Balkon zum Balkan (Балкон кон Балканот), изложба во јавен простор на 14 балкански уметници, (Marktplatz), во организација на Staatliche Kunsthalle Baden-Baden, Баден-Баден, Германија.

2014, Paratissima Skopje, МКЦ, Скопје, Македонија (самостојно и менторско учество).

2013, Прва изложба на студентите и наставниците од Студиската програма по класично сликарство, Економски факултет, УГД, Штип,

Македонија.
2013, Изложба на дела од Ликовната колонија во организација на Aurora Resort & Spa Center, Aurora Resort & Spa Center, Берово, Македонија
2013, Реидентификација, КООПЕРАЦИЈА, ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 70 локал 2, Скопје, Македонија.
2013, Prvi regionalni Gif festival GIFEST, Subotica, Srbija
2013, Утопии/Дистопии: Документи, КООПЕРАЦИЈА, Архитектонско студио „Архитектри“, Скопје, Македонија.

**Самостојни изложби**

2017, Самостојна изложба „О“, Галерија КО-РА, Скопје, Р Македонија.

2015, Самостојна изложба во рамките на Фестивал ФемАрт, Галерија при Факултет за ликовни уметности, Приштина, Косово.

2014, Самостојна изложба во рамките на БОШ фестивал, Дом на културата, Гевгелија, Р Македонија.

2014, I WAS GONNA PAINT…, АКСЦ, Скопје, Македонија.

**Монументални дела**

2016, Изработка на мурал за време на културно-уметничкиот викенд Еволуција на сонот, Рузвелтова 44 (внатрешен ѕид).

2016, Учество во изработка на муралот на тема Индоктринација според концептот табло на Иван Ивановски, МКЦ задна страна, Скопје (надворешен ѕид).

2016, Учество во изработка на мурал, Детска клиника, 5-ти кат (внатрешни ѕидови) Скопје, Македонија.

**Награди**

2016, Награда на конкурсот на КАС за цртежи/кратки комични стрипови.

2015, Награда на „Паратисима“ - Скопје.

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

***Продекан за настава***

- Со Одлука бр. 4102-40/3 од 25.11.2014 г. избрана е за продекан на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

***Член на факултетски органи и комисии***

- Со Одлука бр. 2402-64/4 од 12.6.2017 г. назначена е за претседател на Комисија за проверка на знаења и умееља на пријавените кандидати за запишување во прва година на прв циклус универзитетски (академски) студии во студиската 2017/2018 година на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за студиската програма Класично сликарство.
- Со Одлука бр. 2402-64/3 од 12.6.2017 г. избрана е за член на Конкурсна комисија за запишување на нови студенти во прва година на прв циклус универзитетски (академски) студии во студиската 2017/2018 година на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
- Со Одлука бр. 2402-76/5 од 2.11.2016 г. назначена е за претседател на Комисија за спроведување испити и други испитни активности по предмети за кои се ангажирани стручњаци од пракса на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за зимскиот и летниот семестар на студиската 2016/2017 година.
- Со Одлука бр. 2402-59/6 од 3.5.2016 година назначена е за претседател на Комисија за проверка на знаењата и умеењата за пријавените кандидати за запишување во прва година на прв циклус универзитетски (академски) студии во студиската 2016/2017 година на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за студиската програма Класично сликарство.

– Со Одлука бр. 2402-53/5 од 14.3.2016 година избрана е за член на Комисијата за самоевалуација на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
– Со Одлука бр. 2402-69/4 од 9.12.2015 година назначена е за член на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
– Со Одлука бр. 2402-59/9 од 29.9.2015 година назначена е за член на Комисија за спроведување испити и други испитни активности по предмети за кои се ангажирани стручњаци од пракса на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за зимскиот и летниот семестар на студиската 2015/2016 година.
– Со Одлука бр. 2402-54/4 од 25.6.2015 година е избрана за член на Конкурсна комисија за запишување на нови студенти во прва година на прв циклус универзитетски (академски) студии во студиската 2015/2016 година на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
– Со Одлука бр. 2402-54/5 од 25.6.2015 година е избрана за член на Комисија за проверка на знаењата и умеењата за пријавените кандидати за запишување во прва година на прв циклус универзитетски (академски) студии во студиската 2015/2016 година на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за студиската програма Класично сликарство.
– Со Одлука бр. 4102-33/6 од 18.6.2014 година е назначена за претседател на Комисија за проверка на знаењата и умеењата за пријавените кандидати за запишување во прва година на прв циклус универзитетски (академски) студии во студиската 2014/2015 годинана Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за студиската програма Класично сликарство.
– Со Одлука бр. 4102-33/7 од 18.6.2014 година е назначена за претседател на Конкурсна комисија за запишување на нови студенти во прва година на прв циклус универзитетски (академски) студии во студиската 2014/2015 година на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
– Со Одлука бр. 1902-82/19 од 28.5.2014 година е избрана за член на Комисија за проверка на знаењата и умеењата за пријавените кандидати за запишување во прва година на прв циклус универзитетски (академски) студии во студиската 2014/2015 година на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за студиската програма Класично сликарство.
– Со Решение бр. 1902-33/4 од 21.1.2014 година е избрана за член на Рецензентска комисија за избор на двајца наставници во насловно звање – насловен доцент за наставно-научната област сликање и сликарски техники и Сликарска технологија на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
– Со Одлука бр. 1902-67/4 од 13.6.2013 година е избрана за член на Комисија за проверка на знаењата и умеењата за пријавените кандидати за запишување во прва година на прв циклус универзитетски (академски) студии во студиската 2013/2014 год. на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за студиската програма Класично сликарство.

***Класен раководител***

– Со Одлука бр. 2402-69/8 од 9.12.2015 г. е назначена за ментор на студиската програма Класично сликарство, за генерацијата 2012/2013 г.
– Со Одлука бр. 4102-40/3 од 25.11.2014 г. е назначена за ментор на студиската програма Класично сликарство, за генерацијата 2012/2013 г.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Доцент м-р Јана Јакимовска, вработена на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, е единствен пријавен кандидат на Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област сликање и сликарски техники на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација, како и врз основа на личното познавање, Рецензентската комисија е едногласна во оцената дека со целокупната своја досегашна работа доцент м-р Јана Јакимовска има дадено извонреден придонес во наставно-образовната, стручно-уметничката и стручно-апликативната и организациско-развојната дејност. Педагошкиот ангажман и активното работење на проекти со студентите зборува за големиот удел во развивањето на наставно-образовната дејност на Ликовната академија.

Исто така, Комисијата констатираше дека пријавениот кандидат доцент м-р Јана Јакимовска има широк спектар на стручно-уметничка дејност. Опсежниот и версатилен творечки опус, реализираните бројни групни и самостојни изложби, но и монументални дела, укажуваат дека се работи за профилиран и стручен кандидат, кој постојано придонесува во збогатување на ликовната сцена во Република Македонија. Комисијата констатираше дека нејзината стручно-уметничка активност со големиот број на уметнички претставувања надвор од Република Македонија е дополнителна потврда за квалитетот на кандидатката.

По разгледувањето на приложените материјали од страна на кандидатката која се пријави на распишаниот Конкурс и по извршениот увид во уметничката компетенција и достигнувања, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот и уметнички совет на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ да ја избере м-р Јана Јакимовска во звање вонреден професор во наставно-научната и уметничка област сликање и сликарски техники.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Елизабета Аврамовска, редовен професор, претседател, с.р.**
**М-р Антони Мазневски, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Никола Смилков, редовен професор, член с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| Избор во звање доцент | 30 | | | | 30 |
| **ВКУПНО** | | **30** | | | **30** |
| **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | |
| Монографија или научна книга<br>скрипта за предметот Перспектива 1 и практикум | 1 | 10 | | | 10 |
| Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба<br>-2017,Учество на групна изложба на дела од Кичевската ликовна колонија, Центар за култура „Трајко Прокопиев“, Куманово<br>-2017, Учество на изложба на плакати „Дискриминација?“, Фоаје на Правен факултет, УГД, Штип, Македонија<br>-2017, Imago Mundi, изложба, БКЦ, Сараево, Босна и Херцеговина<br>-2017, Изложба на дела од Кичевската ликовна колонија, НУЦК Марко Цепенков, Прилеп, Македонија<br>-2017, Во хармонија со природата, Галерија КО-РА, Скопје, Македонија<br>-2017, „Корени, портали, патишта и патокази“, MKD Ilinden, Риека, Р Хрватска<br>-2017, Хуманитарна изложба „Уметниците за Кате“, Нано бар, Скопје<br>-2017, Tango Nuevo, Галерија Ко-Ра, Скопје<br>-2016, Изложба на дела од Кичевската ликовна колонија, Музеј на Град Скопје, Скопје, Македонија<br>-2016, „Корени, портали, патишта и патокази“, Двор „Тракошќан“, Р Хрватска<br>-2016, Колективна одлука - уметноста и работата, Pop Up Акто фестивал, КУЦ Текстил, Штип, Македонија<br>-2016, La petite mort, Музеј на Град Скопје, Скопје, Македонија<br>-2016, Изложба на дела од Кичевската ликовна колонија, Куќа на уметноста, Кнежино, Македонија<br>-2016, Хуманитарна групна изложба за настраданите од поплавите на 6 август, Концепт 37, Скопје, Македонија | 25 | 75 | 6 | 48 | 126 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| -2016, Претставување во рамките на тековниот конкурс за родово<br>ангажирана уметност, на веб-страницата на Cultural Gender Practices<br>Network<br>-2015, Учество на Paratissima Torino 2015, Ordine o caos?, Торино, Италија<br>-2015, Меѓународна групна изложба East meets West (Истокот се среќава со Западот), Бела ноќ, МКЦ, Скопје<br>-2015, Во прво лице, „Магаза“ при НУ Завод и музеј - Битола, Р Македонија<br>-2015, Соочување со минатото, Музеј на холокаустот, Скопје, Р Македонија<br>-2015, Paratissima Skopje, МКЦ, Скопје, Македонија (самостојно и менторско учество)<br>-2015, Боите на слободата, Скопје, Р Македонија<br>-2015, Во прво лице, НГМ Мала станица, Скопје, Р Македонија<br>-2014, Balkon zum Balkan (Балкон кон Балканот), изложба во јавен простор на 14 балкански уметници, (Marktplatz), во организација на Staatliche Kunsthalle Baden-Baden, Баден-Баден, Германија<br>-2014, Paratissima Skopje, МКЦ, Скопје, Македонија (самостојно и менторско учество)<br>-2013, Прва изложба на студентите и наставниците од Студиската програма по класично сликарство, Економски факултет, УГД, Штип, Македонија<br>-2013, Изложба на дела од ликовната колонија во организација на Aurora Resort & Spa Center, Aurora Resort & Spa Center, Берово, Македонија<br>-2013, Реидентификација, КООПЕРАЦИЈА, ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 70 локал 2, Скопје, Македонија<br>-2013, Prvi regionalni Gif festival GIFEST, Subotica, Srbija<br>-2013, Утопии/Дистопии: Документи, КООПЕРАЦИЈА, Архитектонско студио „Архитектри“, Скопје, Македонија<br>-2016, Paratissima Skopje, МКЦ, Скопје, Македонија (самостојно и менторско учество)<br>-2016, „Корени, портали, патишта и патокази“, галерија КО-РА, Скопје, Македонија<br>-2016, „ЛИБЕР ТАНГО“, Галерија КО-РА, Скопје, Македонија<br>-2016, Претставување во рамките на Imago Mundi, проект на Лучијано Бенетон за колекционирање на светската современа уметност, како дел од 143 македонски уметници претставени во колекцијата Transfiguring | | | | | |
| Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди<br>-2016, Награда на конкурсот на КАС за цртежи/кратки комични стрипови<br>-2015, Награда на „Паратисима“ - Скопје | 1 | 10 | | | 10 |
| Самостојно ликовно претставување (ликовна изложба)<br>-2017, Самостојна изложба „О“, Галерија КО-РА, Скопје, Р Македонија<br>-2015, Самостојна изложба во рамките на Фестивал ФемАрт, Галерија на Факултет за ликовни уметности, Приштина, Косово<br>-2014,Самостојна изложба во рамките на БОШ фестивал, Дом на културата, Гевгелија, Р Македонија<br>-2014, I WAS GONNA PAINT…, АКСЦ, Скопје, Македонија | 3 | 18 | 1 | 10 | 28 |
| Учество во ликовна колонија/симпозиум со ликовно дело<br>-2017, „Отворени образовни курикулуми – критички единки и колективи“ во рамки на дискурзивно-едукативната програма „Совршениот уметник“, Кино Култура, Скопје, Македонија<br>-2016, 23. Интернационална Кичевска ликовна колонија, Куќа на уметноста, Кичево, Македонија<br>-2016, Pop Up Акто фестивал, КУЦ Текстил, Штип, Македонија<br>-2015, „Боите на слободата“, Цивил, Скопје, Р Македонија<br>-2015, Меѓународна ликовна колонија „Соочување со минатото“ во<br>организација на Цивил и Форум ЗДФ, Струга, Р Македонија<br>-2013, Ликовна колонија во организација на Aurora Resort & Spa Center, Берово, Македонија | 5 | 15 | | | 15 |
| Монументално ликовно дело<br>-2016, Изработка на мурал за време на културно-уметничкиот викенд Еволуција на сонот, Рузвелтова 44 (внатрешен ѕид)<br>-2016, Учество во изработка на муралот на тема Индоктринација според концептот табло на Иван Ивановски, МКЦ задна страна, Скопје (надворешен ѕид)<br>-2016, Учество во изработка на мурал, Детска клиника, 5-ти кат (внатрешни ѕидови) Скопје, Македонија | 3 | 30 | | | 30 |
| **ВКУПНО** | | 162 | | 58 | **220** |
| | | | | | |

| Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Во земјава | | Во странство | | |
| | број | поени | број | поени | Вкупно |
| Продекан<br>Продекан за настава на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип | 1 | 8 | | | 8 |
| Член на факултетски орган, комисија<br>-Претседател на Комисија за проверка на знаењата и умеењата за пријавените кандидати за запишување во прва година на прв циклус универзитетски (академски) студии во студиската 2017/2018 г. на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за студиската програма Класично сликарство<br>-Член на Конкурсна комисија за запишување на нови студенти во прва година на прв циклус универзитетски (академски) студии во студиската 2017/2018 г на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип<br>-Претседател на Комисија за спроведување испити и други испитни активности по предмети за кои се ангажирани стручњаци од пракса на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за зимскиот и летниот семестар за студиската 2017/2018 г.<br>-Претседател на Комисија за проверка на знаењата и умеењата за пријавените кандидати за запишување во прва година на прв циклус универзитетски (академски) студии во студиската 2017/2018 г. на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за студиската програма Класично сликарство<br>-Член на Комисијата за самоевалуација на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип<br>-Член на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип<br>-Член на Комисија за спроведување испити и други испитни активности по предмети за кои се ангажирани стручњаци од пракса на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за зимскиот и летниот семестар на студиската 2015/2016 година<br>-Член на Конкурсна комисија за запишување на нови студенти во прва година на прв циклус на универзитетски (академски) студии во студиската 2015/2016 г. на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип | 13 | 26 | | | 26 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| -Член на Комисија за проверка на знаењата и умеењата за пријавените кандидати за запишување во прва година на прв циклус универзитетски (академски) студии во студиската 2015/2016 на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за студиската програма Класично сликарство<br>-Претседател на Комисија за проверка на знаењата и умеењата за пријавените кандидати за запишување во прва година на прв циклус универзитетски (академски) студии во студиската 2014/2015 на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за студиската програма Класично сликарство<br>-Претседател на Конкурсна комисија за запишување на нови студенти во прва година на прв циклус универзитетски (академски) студии во студиската 2014/2015 на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип<br>-Член на Рецензентска комисија за избор на двајца наставници во насловно звање – насловен доцент за наставно-научната област сликање и сликарски техники и сликарска технологија на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ од Штип<br>-Член на Комисија за проверка на знаењата и умеењата за пријавените кандидати за запишување во прва година на прв циклус универзитетски (академски) студии во студиската 2013/2014 на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за студиската програма Класично сликарство | | | | | |
| Класен раководител, согласно со Кредит трансфер системот - ЕКТС (за четири години)<br>Ментор на студиската програма Класично сликарство, за генерацијата 2012/2013 г. | 1 | 4 | | | 4 |
| **ВКУПНО** | | 38 | | | **38** |
| **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | 230 | | 58 | **288** |